Решението е правосилно
на ден 14.04.2016 год.
Датум на заверка 14.04.2016 год.
Овластено лице,

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
Бр. 50-4816/2 од 05.04.2016 година
СКОПЈЕ

Постапувајќи по барање бр.50-4816 од 25.03.2016 поднесено од овластениот проценувач Друштво за проектирање,инженеинг и трговија ТИМ-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, согласно член 29 став 1 алинеа 2 од Законот за процена (Службен весник на Република Македонија бр.115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14 и 153/15), а во врска со член 205 став 1 и член 209 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.38/05, 110/08 и 51/11), министерот за транспорт и врски го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за одземање на лиценца

1. Се одзема Лиценцата за процена од област на недвижен имот бр.0133-Н од 17.04.2014 година издадена на овластениот проценувач Друштво за проектирање, инженеринг и трговија ТИМ-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 4202180, со седиште на ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.60 Б Скопје согласно член 29 став 1 алинеа 2 од Законот за процена.
2 По правосилноста на решението за одземање на лиценца за процена, овластениот проценувач на кого му е одземена лиценцата се брише од Регистарот за процена на овластени проценувачи што го води Министерството за транспорт и врски, согласно член 30 став 1 од Законот за процена.
3.По правосилноста на решението за одземање на лиценцата за процена истото веднаш или во рок од 24 часа ќе биде доставено до Централниот регистар на Република Македонија и до Комората на проценувачи, согласно член 30 став 3 од Законот за процена.

О б р а з л о ж е н и е

Министерството за транспорт и врски има издадено лиценца за процена од областа на недвижен имот бр.0133-Н од 17.04.2014 година на овластениот проценувач Друштво за пректирање, инженеринг и трговија ТИМ-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 4202180 со седиште на ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 60 Б Скопје.

Постапувајќи по барање бр.50-4816 од 25.03.2016, поднесено од овластениот проценувач Друштво за проектирање, инженеринг и трговија ТИМ-ИНЖНЕРИН ДООЕЛ Скопје, Министерството за транспорт и врски согласно член 29 став 1 алинеа 2 од Законот за процена донесе решение за одземање на лиценца за поцена на недвижен имот бр.0133-Н од 17.04.2014.

По правосилноста на решението за одземање на лиценцата овластениот проценувач ќе биде избришан од Регистарот за процена на Министерството за транспорт и врски, согласно член 30 став 1 а правосилното решение за одземањето за лиценца ќе биде доставено веднаш или во рок од 24 часа до Централниот регистар на Република Македонија и до Комората на проценувачи согласно, член 30 став 3 од Законот за процена.

Имајќи го предвид горенаведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА : Против ова Решение незадоволната странка има право на тужба до Управен суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

М И Н И С Т Е Р,
Владо Мисајловски

Изготвил:Александар Микевски
Проверил:
Одобрил: Лилјана Поповиќ